# БИЗНИС ИНФОРМАТОР НА ОПШТИНА ЦЕНТАР СКОПЈЕ

**РАЗВИЕН СО ПОДДРШКА НА ПРОЕКТОТ НА УСАИД ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ ЗА ИСКОРИСТУВАЊЕ НА РЕСУРСИТЕ.**



# СОДРЖИНА

ОПИС НА ДЕЛОВНАТА ОКОЛИНА НА ОПШТИНАТА 1

ЛИСТА НА СТРАТЕГИСКИ ДОКУМЕНТИ 2

КЛУЧНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ПОДДРШКА НА БИЗНИСИТЕ ПРЕКУ КОНКРЕТНИ УСЛУГИ ИЛИ ИНИЦИЈАТИВИ 3

ЛИСТА НА Е-УСЛУГИ ПРЕКУ ПОРТАЛОТ 4

КОРИСНИ ЛИНКОВИ 5

КОНТАКТ ИНФОРМАЦИИ 6

## ОПИС НА ДЕЛОВНАТА ОКОЛИНА НА ОПШТИНАТА

ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ СЕ НАОЃА НА ЦЕНТРАЛНА ПОЗИЦИЈА ВО ГРАДОТ СКОПЈЕ. ОПШТИНАТА ЗАФАЌА 8КМ2 СО 43.893 ЖИТЕЛИ. ТАА Е СЕДИШТЕ НА НАЈГОЛЕМ БРОЈ УСТАНОВИ ШТО ИМААТ АДМИНИСТРАТИВЕН, ПОЛИТИЧКИ, ОБРАЗОВЕН КУЛТУРЕН И ТРГОВСКИ КАРАКТЕР, НО И НА СТАНБЕН ДЕЛ ШТО Е НАЈГУСТО НАСЕЛЕН ВО ЦЕЛАТА ЗЕМЈА (СОБРАНИЕ, ВЛАДА СО НАЈГОЛЕМ БРОЈ МИНИСТЕРСТВА, СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ, КЛИНИЧКИ ЦЕНТАР, НАРОДНА БАНКА И ДР.). ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ ВАЖИ ЗА АТРАКТИВНО МЕСТО ЗА ЖИВЕЕЊЕ, РАБОТА, ПОСЕТА И ИНВЕСТИРАЊЕ ВО СПОРЕДБА СО ДРУГИТЕ ОПШТИНИ ВО ГРАДОТ СКОПЈЕ, ПА И ВО ЦЕЛАТА ДРЖАВА.
НАЈБЛИСКИОТ АЕРОДРОМ Е ОДДАЛЕЧЕН 25 КИЛОМЕТРИ; А ЦЕНТРАЛНИТЕ ЖЕЛЕЗНИЧКА И АВТОБУСКА СТАНИЦА СЕ СМЕСТЕНИ ВО ОПШТИНАТА.
ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ-СКОПЈЕ Е ЦЕЛОСНО УРБАНА ОПШТИНА.



**М-Р ГОРАН ГЕРАСИМОВСКИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**

ОНА ШТО Е КАРАКТЕРИСТИЧНО ЗА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ Е ФАКТОТ ШТО ДОМИНАНТНА ДЕЈНОСТ НА КОМПАНИИТЕ ТРГОВИЈА НА МАЛО И ТРГОВИЈА НА ГОЛЕМО, КАКО И УСЛУЖНИ ДЕЈНОСТИ, СО НАД 35% ОД ВКУПНО РЕГИСТРИРАНИТЕ КОМПАНИИ. ВОЕДНО ПРИСУТНИ СЕ ДЕЈНОСТИ СО СООДВЕТНИ СТРУЧНИ И КОНСУЛТАНТСКИ УСЛУГИ ОД ОБЛАСТА НА ФИНАНСИИ, СМЕТКОВОДСТВО, ПРОЕКТИРАЊЕ, ПРАВНИ РАБОТИ (АДВОКАТИ, НОТАРИ, ОВЛАСТЕНИ ПРЕВЕДУВАЧИ, ПРОЦЕНИТЕЛИ И СЛ.). ИМА ЗАСТАПЕНОСТ И НА КОМПАНИИ СО ДЕЈНОСТ ГРАДЕЖНИШТВО И СНАБДУВАЊЕ СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА И ОСОБЕНО КОМПАНИИ СО ДЕЈНОСТ ОД ОБЛАСТА НА КОМПЈУТЕРСКО И ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ.

ЕКОНОМСКИОТ РАЗВОЈ АНАЛИЗИРАН СО ПОДАТОЦИТЕ ЗА ГОЛЕМИНАТА И СТРУКТУРАТА НА ДЕЛОВНИТЕ СУБЈЕКТИ ИМА ПОЗИТИВЕН ТРЕНД ЗАТОА ШТО СЕ ЗГОЛЕМУВА УЧЕСТВОТО НА СРЕДНИТЕ И ГОЛЕМИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА И СЕ ЗГОЛЕМУВА УЧЕСТВОТО НА ДЕЛОВНИ СУБЈЕКТИ ВО СЕКТОРИТЕ КОИ ВРАБОТУВААТ ПО ВИСОКОКВАЛИФИКУВАНИ РАБОТНИЦИ И КРЕИРААТ ПОГОЛЕМА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ.

**8км2**
**43.893 жители**

**ДОМИНАНТНА ДЕЈНОСТ НА КОМПАНИИТЕ:**

**УГОСТИТЕЛСТВО И ТУРИЗАМ**

**ТРГОВИЈА НА МАЛО И ТРГОВИЈА НА ГОЛЕМО**

**ПОЗИТИВЕН ТРЕНД НА ЕКОНОМСКИОТ РАЗВОЈ**

# ЛИСТА НА СТРАТЕГИСКИ ДОКУМЕНТИ

**1. СТРАТЕГИЈА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР 2024-2028**

ОВОЈ ДОКУМЕНТ ЈА ПОСТАВУВА РАМКАТА ЗА ЕКОНОМСКИОТ РАЗВОЈ НА ОПШТИНАТА ВО СЛЕДНИТЕ ТРИ ГОДИНИ, СО ЈАСНИ ЦЕЛИ И ПРИОРИТЕТИ ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ ПОТЕНЦИЈАЛ.

**2. ЛЕАП НА ОПШТИНА ЦЕНТАР 2019-2025**

ОВОЈ АКЦИСКИ ПЛАН ГИ ДЕФИНИРА МЕРКИТЕ И СТРАТЕГИИТЕ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ НА ОПШТИНАТА ВО ПЕРИОД ОД ШЕСТ ГОДИНИ.

**3. ЛОКАЛЕН ПЛАН ЗА ЕНЕРГИЈА И КЛИМА НА ОПШТИНА ЦЕНТАР - ЛПЕК**

ОВОЈ ПЛАН СЕ ФОКУСИРА НА ПОДОБРУВАЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКАТА ЕФИКАСНОСТ И НАМАЛУВАЊЕ НА ПОТРОШУВАЧКАТА НА ЕНЕРГИЈА ВО ЈАВНИТЕ И ПРИВАТНИТЕ СЕКТОРИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНАТА.

**4. КОДЕКС ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР**

КОДЕКСОТ СОДРЖИ МИНИМУМ СТАНДАРДИ ЗА ПРОАКТИВНО ИНФОРМИРАЊЕ НА ЈАВНОСТА ЗА РАБОТАТА НА ОРГАНИТЕ НА ОПШТИНАТА, ЗА УСЛУГИТЕ ШТО ГИ ОБЕЗБЕДУВА ОПШТИНАТА ПРЕКУ ЈАВНИТЕ СЛУЖБИ, КАКО И ДРУГИ ИНФОРМАЦИИ КОИШТО ГИ СОЗДАВА ИЛИ СО КОИШТО РАСПОЛАГА ОПШТИНАТА.

**5. ИНДИКАТОРИ ЗА ОПШТИНА ЦЕНТАР**

ИНДИКАТОРИ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР ЗА 2023 ГОДИНА.

**6. ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

ЛИНКОВИ ДО 22 КАТЕГОРИИ НА ДОКУМЕНТИ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР, НАЦИОНАЛНИОТ АКЦИСКИ ПЛАН ЗА ОТВОРЕНО ВЛАДИНО ПАРТНЕРСТВО И ЗАЛОЖБАТА „ПРОАКТИВНО ОБЈАВУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР НА ВЕБ СТРАНИЦИТЕ НА ИНСТИТУЦИИТЕ“

- **Е-ДОЗВОЛИ**
- **ОГЛАСНА ТАБЛА**
- **Е-УРБАНИЗАМ**
- **ФОРМУЛАРИ**
- **ЈАВНИ НАБАВКИ**
- **ГИС ПОРТАЛ**
- **БУЏЕТСКИ ПРОГРАМИ**

## КЛУЧНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ПОДДРШКА НА БИЗНИСИТЕ ПРЕКУ КОНКРЕТНИ УСЛУГИ ИЛИ ИНИЦИЈАТИВИ

ОПШТИНА ЦЕНТАР НУДИ ШИРОК СПЕКТАР НА ДИГИТАЛНИ И АДМИНИСТРАТИВНИ УСЛУГИ ЗА ПОДДРШКА НА БИЗНИСИТЕ. ПРЕКУ Е-УСЛУГИТЕ, БИЗНИСИТЕ ИМААТ ЕЛЕКТРОНСКИ ПРИСТАП ДО АДМИНИСТРАТИВНИ ПРОЦЕСИ КАКО АПЛИЦИРАЊЕ ЗА ДОЗВОЛИ, ДОДЕКА ГИС ПОРТАЛОТ ОБЕЗБЕДУВА ПРОСТОРНИ ПОДАТОЦИ И УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ. ЈАВНАТА ОГЛАСНА ТАБЛА РЕДОВНО ОБЈАВУВА ИНФОРМАЦИИ ЗА МОЖНОСТИ И ВАЖНИ ИЗВЕСТУВАЊА. ДОПОЛНИТЕЛНО, ПРЕКУ ПОРТАЛОТ ЗА ФОРМУЛАРИ, БИЗНИСИТЕ БРЗО И ЕФИКАСНО ГИ ЗАВРШУВААТ АДМИНИСТРАТИВНИТЕ ОБВРСКИ, А БУЏЕТСКИТЕ ПРОГРАМИ ОБЕЗБЕДУВААТ ИНФОРМАЦИИ ЗА АЛОКАЦИЈАТА НА СРЕДСТВА И ПРИОРИТЕТИТЕ НА ОПШТИНАТА.
КЛУЧНИ УСЛУГИ:

**Е-ДОЗВОЛИ** – ОВОЗМОЖУВААТ ЕЛЕКТРОНСКИ ПРИСТАП ДО АДМИНИСТРАТИВНИ И РЕГУЛАТОРНИ ПРОЦЕСИ, КАКО АПЛИЦИРАЊЕ ЗА ДОЗВОЛИ.

**Е-УРБАНИЗАМ** - ОВОЗМОЖУВА ЕЛЕКТРОНСКИ ПРИСТАП ДО АДМИНИСТРАТИВНИ И РЕГУЛАТОРНИ ПРОЦЕСИ.

**ГИС ПОРТАЛ** – ОВОЗМОЖУВА ПРОСТОРНИ ПОДАТОЦИ И ПЛАНОВИ НА ОПШТИНАТА, КАКО И ДРУГИ ИНФОРМАЦИИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА, ОБРАЗОВАНИЕТО И СЛ.

**ОГЛАСНА ТАБЛА** – РЕДОВНО ОБЈАВУВАЊЕ НА СИТЕ ИНФОРМАЦИИ И МОЖНОСТИ.

**ФОРМУЛАРИ** – ЗА БРЗО И ЕФИКАСНО ЗАВРШУВАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ ЗАДАЧИ.

**БУЏЕТСКИ ПРОГРАМИ** – БИЗНИСИТЕ МОЖАТ ДА ДОБИЈАТ ИНФОРМАЦИИ ЗА АЛОКАЦИЈАТА НА СРЕДСТВА И ПРИОРИТЕТИТЕ НА ОПШТИНАТА, ШТО МОЖЕ ДА БИДЕ КОРИСНО ПРИ ПЛАНИРАЊЕ НА ИНВЕСТИЦИИ И УЧЕСТВО ВО ЛОКАЛНИ ПРОЕКТИ.

**ЈАВНИ НАБАВКИ** – ЗА ТЕКОВНО ИНФОРМИРАЊЕ НА БИЗНИСИТЕ ЗА ПЛАНИРАНИ И ТЕКОВНИ ЈАВНИ НАБАВКИ НА ОПШТИНАТА

# ЛИСТА НА Е-УСЛУГИ ПРЕКУ ПОРТАЛОТ

ОПШТИНА ЦЕНТАР ПРЕКУ СВОЈОТ РЕГИСТАР НА УСЛУГИ НУДИ ИНФОРМАЦИИ И МОЖНОСТИ ЗА ЛЕСЕН И ДИГИТАЛЕН ПРИСТАП ДО РАЗЛИЧНИ АДМИНИСТРАТИВНИ ПРОЦЕСИ. ЗА ПРИСТАП ДО РЕГИСТАРОТ НЕ Е ПОТРЕБНА НИКАКВА НАЈАВА, УСЛУГИТЕ СЕ ОТВОРЕНИ ЗА СИТЕ ГРАЃАНИ И СИТЕ БИЗНИСИ.

**КОМУНАЛНА ТАКСА ЗА ИСТАКНУВАЊЕ ФИРМА**

**КОМУНАЛНА ТАКСА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА УЛИЦИ СО ПАТНИЧКИ, ТОВАРНИ, МОТОРНИ ВОЗИЛА, АВТОБУСИ, СПЕЦИЈАЛНИ ВОЗИЛА И МОТОРЦИКЛИ**

**КОМУНАЛНА ТАКСА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПРОСТОРОТ ПРЕД ДЕЛОВНИ ПРОСТОРИИ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТ**

**КОМУНАЛНИ ТАКСИ ЗА ИСТАКНУВАЊЕ НА РЕКЛАМИ, ОБЈАВИ И ОГЛАСИ НА ЈАВНИ МЕСТА**

**КОМУНАЛНА ТАКСА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПЛОШТАДИ И ДРУГ ПРОСТОР ВО ГРАДОВИТЕ И ДРУГИТЕ НАСЕЛЕНИ МЕСТА, СО ЦЕЛ ИЗЛОЖУВАЊЕ НА ПРЕДМЕТИ, ПРИРЕДУВАЊЕ ИЗЛОЖБИ И ЗАБАВНИ ПРИРЕДБИ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТ**

**КОМУНАЛНА ТАКСА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПРОСТОРОТ ЗА ПАРКИРАЊЕ НА МОТОРНИ ВОЗИЛА**

**ИЗДАВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА ГРАДБА (Е-УСЛУГА)**

**АДМИНИСТРАТИВНИ ТАКСИ КОИ СЕ ПЛАЌААТ ЗА СПИСИТЕ И ДЕЈСТВИЈАТА КАЈ ОРГАНИТЕ НА ОПШТИНАТА**

ДОПОЛНИТЕЛНО, КОРИСНИЦИТЕ МОЖАТ ДА ПОДНЕСУВААТ И ДРУГИ БАРАЊА, ИНИЦИЈАТИВИ И ПРИЈАВИ, КОРИСТЕЈЌИ ГИ ЕЛЕКТРОНСКИТЕ АЛАТКИ:

**БАРАЊЕ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ УВИД**

**БАРАЊЕ ЗАВЕРКА НОРМАТИВИ ЗА ХРАНА**

**БАРАЊЕ ЗА УПИС ВО РЕГИСТАРОТ НА ФИЗИЧКИ ЛИЦА КОИ ВРШАТ УГОСТИТЕЛСКА ДЕЈНОСТ**

**БАРАЊЕ ЗА БРИШЕЊЕ ОД РЕГИСТАРОТ НА ФИЗИЧКИ ЛИЦА КОИ ВРШАТ УГОСТИТЕЛСКА ДЕЈНОСТ**

**БАРАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ УРБАНА ОПРЕМА**

**БАРАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА ВРШЕЊЕ ДЕЈНОСТ НАДВОР ОД ДЕЛОВЕН ПРОСТОР**

**БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ МИКРОЛОКАЦИСКИ УСЛОВИ**

**БАРАЊЕ ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

**ПРИЈАВИ ПРОБЛЕМ**

# КОРИСНИ ЛИНКОВИ

ИНСТИТУЦИИ КОИ МОЖАТ ДА БИДАТ КОРИСНИ ЗА БИЗНИСИТЕ ВО ОПШТИНА ЦЕНТАР - СКОПЈЕ. ЛИНКОВИТЕ ОБЕЗБЕДУВААТ ИНФОРМАЦИИ ЗА РЕГИСТРАЦИЈА НА КОМПАНИИ, ЈАВНИ НАБАВКИ, КАКО И ДРУГИ ЗНАЧАЈНИ РЕСУРСИ ШТО ГИ ПОДДРЖУВААТ ЛОКАЛНИТЕ БИЗНИСИ.

**ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РСМ** - ОБЕЗБЕДУВА ИНФОРМАЦИИ ЗА РЕГИСТРАЦИЈА НА КОМПАНИИ И ДРУГИ ПРАВНИ СУБЈЕКТИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА.

**БИРО ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ** - НУДИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ПРОЦЕСИТЕ НА ЈАВНИ НАБАВКИ И ОБЈАВИ НА ТЕНДЕРИ. БИРО ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ И **Е-НАБАВКИ**

**ВЛАДА НА РСМ –** ОФИЦИЈАЛНИОТ ПОРТАЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, СО ИНФОРМАЦИИ ЗА ДРЖАВНИ ПОЛИТИКИ И ИНИЦИЈАТИВИ.

**РАЗВОЈНА БАНКА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА** (WWW.MBDP.COM.MK) КОЈА ГИ НУДИ СЛЕДНИВЕ ФИНАНСИСКИ И НЕФИНАНСИСКИ УСЛУГИ: ФИНАНСИРАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА МАКЕДОНСКОТО СТОПАНСТВО; ФИНАНСИРАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРАТА; ПОДДРШКА НА РАЗВОЈОТ НА МАЛИТЕ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА ВО РСМ; ПОТТИКНУВАЊЕ НА ИЗВОЗОТ; ПОТТИКНУВАЊЕ НА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА; ОСИГУРУВАЊЕ НА ИЗВОЗОТ НА МАКЕДОНСКИ ПРОИЗВОДИ И УСЛУГИ ОД КОМЕРЦИЈАЛНИ И ПОЛИТИЧКИ РИЗИЦИ И ПОДДРШКА НА РЕГИОНАЛНИОТ РАЗВОЈ.

**ЕВРОПСКАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ** (ЕБОР),- БАНКАТА ПРОМОВИРА КОФИНАНСИРАЊЕ И СТРАНСКИ ДИРЕКТНИ ИНВЕСТИЦИИ, ГО МОБИЛИЗИРА ДОМАШНИОТ КАПИТАЛ И ОБЕЗБЕДУВА ТЕХНИЧКА ПОМОШ, РАБОТИ СО БАНКИ, ИНДУСТРИИ И БИЗНИСИ, КАКО И СО ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА.

**ФОНД ЗА ИНОВАЦИИ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ** (ФИТР) (WWW.FONDZAINOVACII.MK), ФИТР ГИ ОСТВАРУВА ЦЕЛИТЕ ПРЕКУ СЛЕДНИТЕ ИНСТРУМЕНТИ НАМЕНЕТИ НА МАЛИТЕ И СРЕДНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА

**ПОЦ** - ЛИНК ДО ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ПАРКИНЗИ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР КАДЕ МОЖЕ ДА СЕ ДОБИЈАТ ИНФОРМАЦИИ И УСЛУГИ ПОВРЗАНИ СО КОРИСТЕЊЕТО НА ЈАВНИТЕ ПАРКИНЗИ И ХИГИЕНАТА ВО ОПШТИНАТА.

# КОНТАКТ ИНФОРМАЦИИ

**КОНТАКТ ЗА ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ЗАИНТЕРЕСИРАНИ ИНВЕСТИТОРИ**

**ОФИЦИЈАЛНИ КОНТАКТ ИНФОРМАЦИИ НА ОДГОВОРНИ СЛУЖБЕНИЦИ ВО ОПШТИНАТА**

**КОНТАКТ ЗА ПРЕДЛОЗИ И ПРАШАЊА**

ЗА ДА ОБЕЗБЕДИМЕ ЛЕСНА И БРЗА КОМУНИКАЦИЈА, ОПШТИНА ЦЕНТАР НУДИ ДИРЕКТНИ КОНТАКТ ИНФОРМАЦИИ ЗА СИТЕ ЗАИНТЕРЕСИРАНИ ИНВЕСТИТОРИ И БИЗНИСИ. ОВИЕ КОНТАКТИ СЕ НАМЕНЕТИ ЗА ДОПОЛНИТЕЛНИ ПРАШАЊА, ДЕЛОВНИ СОРАБОТКИ, КАКО И ЗА ПРЕДЛОЗИ И ПРАШАЊА ОД СТРАНА НА БИЗНИС ЗАЕДНИЦАТА. ОФИЦИЈАЛНИТЕ ЛИЦА ВО ОПШТИНАТА СЕ ДОСТАПНИ ЗА ДА ВИ ПОМОГНАТ ПРИ СИТЕ АДМИНИСТРАТИВНИ И ПРОЕКТНИ ПРОЦЕСИ ПОВРЗАНИ СО БИЗНИСИТЕ.
КОНТАКТ ЗА ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ЗАИНТЕРЕСИРАНИ ИНВЕСТИТОРИ- ОВОЈ КОНТАКТ Е НАМЕНЕТ ЗА СИТЕ ПРАШАЊА ПОВРЗАНИ СО ИНВЕСТИЦИИ ВО ОПШТИНАТА. ИНВЕСТИТОРИТЕ МОЖАТ ДИРЕКТНО ДА СЕ ОБРАТАТ ДО ОПШТИНАТА ЗА ИНФОРМАЦИИ ЗА МОЖНОСТИТЕ ЗА ВЛОЖУВАЊЕ И СОРАБОТКИ.
ОФИЦИЈАЛНИ КОНТАКТ ИНФОРМАЦИИ НА ОДГОВОРНИ СЛУЖБЕНИЦИ ВО ОПШТИНАТА- ОВОЈ ЛИНК ОБЕЗБЕДУВА ПРИСТАП ДО ОФИЦИЈАЛНИТЕ КОНТАКТ ИНФОРМАЦИИ НА СИТЕ РЕЛЕВАНТНИ ОПШТИНСКИ СЛУЖБЕНИЦИ. БИЗНИСИТЕ И ИНВЕСТИТОРИТЕ МОЖАТ ДА НАЈДАТ ИНФОРМАЦИИ ЗА ДИРЕКТНА КОМУНИКАЦИЈА СО ОДГОВОРНИТЕ ЛИЦА ВО ОПШТИНАТА.
КОНТАКТ ЗА ПРЕДЛОЗИ И ПРАШАЊА- ОВОЈ КОНТАКТ Е НАМЕНЕТ ЗА ГРАЃАНИ И БИЗНИСИ КОИ ИМААТ ПРЕДЛОЗИ ИЛИ ПРАШАЊА ПОВРЗАНИ СО РАБОТАТА НА ОПШТИНАТА. МОЖЕ ДА СЕ КОРИСТИ ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА БАРАЊА, ПРЕДЛОЗИ ИЛИ ИНИЦИЈАТИВИ ДО ГРАДОНАЧАЛНИКОТ.